

# Размислуваме за...

## Агенција

Да имате агенција значи „да можете да направите избори и одлуки да влијаете врз настани и да имате влијание врз животот на некого .“ (*Early Years Learning Framework*, p. 45).

Како што децата развиваат чувство за агенција тие сфаќаат дека се способни да донесуваат свои сопствени одлуки и да ги контролираат своите животи. Чувство за агенција е важен дел од силното чувство за идентитет.

*Како ги поддржувате децата да развијат чувство на агенција?*

*Какви можности има во вашата околина за децата да направат значајни одлуки за работи кои влијаат врз нив?*

*Во кои делови од нивниот ден децата можат да се контролираат себеси?*



# Размислуваме за...

## Склоност за учење

Склоностите се ставови кон животот.  Тие опишуваат како ние обично реагираме во ситуации. Може да сме повлечени или дружељубиви, ентузијастични или песимистични, активни или пасивни. Сите овие карактеристики се склоности.

*EYLF има цел да ги поттикне склоностите кои промовираат учење како љубопитност, соработка, креативност, упорност и ентузијазам.*

*Како го промовирате развитокот на овие склоности?*

*Како ги поттикнувате децата во вашата средина да бидат креативни и љубопитни?*

*Како им помагате на децата да развијат упорност и истрајност ?*

*Како децата кои се во ваша грижа станувaaт самоуверени и ученици кои се вклучени во учењето?*


SCOOBY
-DOO!

# Размислуваме за...

## Педагогија

Педагогијата ја објаснува „вештината на учењето“. Нашата педагогија е начинот на кој работиме со децата. Тоа вклучува што работиме, како го правиме тоа и како размислуваме за тоа што го работиме. Нашата педагогија обично е основана од комбинација на нашите верувања, нашето искуство и нашето професионално знаење за деца и образование.

EYLF не поттикнува да се осврнеме на сопствената педагогија за да бидеме сигурни дека внимателно сме размислиле за она што го правиме. Треба да ги знаеме причините за тоа што правиме, отколку само едноставно да правиме нешто затоа што „тоа е начинот на кој што секогаш се правело“. Со редовно навраќање кон тоа што го правиме ние се осигуруваме дека нашата педагогија е актуелна и ефективна.

*Размислете за вашата сопствена „педагогија“ или начин на кој што работите со деца. Ако би требало да го објасните тоа на некој друг што би рекле?*

*Што би издвоиле како најважни делови од она што правите?*


DAD'S
LITTLE

# Размислуваме за...

## Промислена настава

Да имаме „намера“ значи да имаме цел или причина за тоа што го правиме. Промислена настава значи да имаме цел или причина за тоа што го правиме во нашата работа со деца. Кога сме со „намера“ имаме идеа во предвид околу тоа зошто постапуваме така и за тоа што се надеваме да постигнеме. Да бидеме со „намера“ е важно бидејќи кога имаме цел  во предвид многу поверојатно е дека ќе го постигнеме она што сме имале намера да го постигнеме.

*Помислете на вашето работно место. Колку од она што го правите е „промислено“?*

*Помислете на тоа како вие сте со „намера“ – кои се причините позади тоа што го правите?*



# Размислуваме за...

## Културна способност

Културна способност значи да ја сфатите сопствената култура и потекло како и да бидете отворени и да ги почитувате другите култури.

Да бидеме културно способни ни помага да распознаеме колку е важна културата врз нашите верувања и начини на постапување.  Исто така ни помага да ја разбереме важноста на културата на другите.

Културата е централна за нашите чувства на„постоење" и „припаѓање" и исто така за нашето чувство на идентитет.  Ако децата треба да се чувствуваат добредојдени и треба да развијат чувство на идентитет, тогаш треба да размислиме како секоја од нивните култури е видлива во тоа што го правиме.

*Размислете за вашето сопствено културно потекло – како ги оформува вашите верувања и начини на кои постапувате?*

*Каде можат децата и семејствата во вашата средина да ги најдат своите култури одразени врз средината и секојдневните средби ?*



# Размислуваме за...

## Промени

Во текот на детството децата прават бројни промени. Некои промени се големи – тргнување на училиште или дневен престој или забавиште за прв пат. Некои се помали – можеби промена на соби во голема установа или промена на услуги. Сите се важни делови во животот на детето.

Промените нудат можности и предизвици. Како воспитувачи нашата улога е да им помагаме на децата ( и нивните семејства) да ги направат овие промени што поедноставно и поуспешно.

*Размислете на сите промени кои децата во ваша грижа ќе ги направат. Што ќе направите за да им помогнете да ги подготвите за секоја промена да им е поедноставна и поудобна?*

*Како ќе ги вклучите семејствата во подготовките за промени?*



# Размислуваме за...

## Платформа

Платформа е привремена структура која се користи за да ја поткрепи зградата додека се гради или поправа. Таа помага да задржи сè заедно, додека да може зградата да стои самата.

Во образованието, платформата се однесува на начинот на којшто воспитувачите помагаат да ги поддржуваат и прошируваат знаењата на децата. Како платформата за зградата, така и нашата вклученост и внимателно испитување и предлози, можат да помогнат да го поддржат учењето на децата додека трае тоа. Со нашата поддршка учењето на децата често станува побогато и поважно отколку што би било инаку.

*Размислете за начините на кои вие го поддржувате (или „поставувате платформа“) учењето на децата – како знаете кога да се вклучите, да прашате прашање или да направите коментар или предлог, и  кога само да гледате?*

*Како би прашале прашања или давале предлози кои го охрабруваат детското размислување отколку  да го повлечете тоа?*



# Размислуваме за...

## Долготрајно споделено размислување

Кога децата имаат прилика да испитуваат и решаваат проблеми помеѓу нив и со возрасни лица кои ги поддржуваат, нивното размислување и учење станува подлабоко и покомплексно. Овој процес на заедничко работење е „долготрајно споделено размислување“. Испитувањата на „долготрајно споделено размислување“ покажуваат дека учењето е најефективно кога:

- е споделено искуство;
- воспитувачите стануваат вклучени во детската игра да поставуваат „платформа“ или да го поддржуваат учењето; и
- децата имаат подолги временски периоди во кој стануваат длабоко вклучени во играта и решавањето на проблеми.

*Размислете за можностите за децата во вашата средина да станат вклучени во долготрајно споделено размислување – каде и кога тие стануваат?*

*Колку често сте способни да станете длабоко вклучени во споделено решавање на проблеми со дете или со група на деца? Како би се вклучиле себеси без да ја превземете ситуацијата?*



# Размислуваме за...

## Издржливост

Да бидете издржливи – да бидете способни да преминете  преку стресови и разочарувања – е едно од најдобрите предвидувачи на детските подоцнежни  успеси во животот. Издржливоста е важен дел од идентитетот (EYLF Резултат 1) и благосостојба (EYLF Резултат 3) и им овозможува на децата да истраат и успеат во лицето на тешкотиите.

Важни карактеристики како издржливост не можат лесно да се „предадат“.  Тие се обично изградени со текот на времето преку многу искуства и преку односите кои што децата ги развиваат со грижливите воспитувачи.

*Размислете за работите кои ги правите за да им помогнете на децата да станат издржливи – како ја охрабрувате истрајноста, позитивноста и чувството на самодоверба?*

*Како односите кои ги имате со децата им помагаат да станат поиздржливи?*



# Размислуваме за...

## Наставна програма

EYLF ја дефинира наставната програма како се она што се случува во еден ден. Тоа се „сите соработки, навики и настани, планирани и непланирани, кои се случиле во средина креирана да го поттикнува детското учење и развој“. (*Early Years Learning Framework*, p.9)

Толку широка дефиниција нè прави да размислуваме за „наставната програма“ поинаку. Тоа е повеќе отколку само искуствата или активностите што ги планираме или намерно ги поставуваме. Навиките и секојдневните настани можат да понудат можности за учење кои се исто толку важни колку и активностите овозможени во други делови од денот.

*Размислете за „наставната програма“ во вашата средина – што вклучува?*

*Дали е повеќе отколку само претходно планирани активности?*

*Како ги користите навиките како на пример оброците како искуства од кои учите?*

*Како вклучувате средби и врски во вашето планирање на наставната програма?*


CRL

# Размислуваме за...

## Вклучување

„Вклучување“ се стреми да ги направи сите да се чувствуваат добредојдени, почитувани и прифатени, без разлика на нивната возраст, култура, потекло или способност.

Да бидете вклучени значи да се осигурате дека сите се третирани подеднакво и дека никој не е изоставен. Понекогаш практиката на вклучување се однесува посебно на тоа како работиме со деца со посебни потреби. Во EYLF се користи во врска со тоа како работиме со сите деца и е блиску поврзана со идејата на „припаѓање“.

Тешко е да се чувствувате дека припаѓате ако не сте вклучени.

*Размислете на тоа што за вас значи вклучување – како се осигурувате дека никој не е запоставен?*

*Како реагирате на ситуација или однесување кое е неправедно?*

*Како им помагате на децата да препознаат што е фер и што не е фер?*

*Како ги поддржувате децата да реагираат на вредности, потреби и способности на други?*



# Размислуваме за...

## Рефлективна практика

Да се осврнувате наназад е еден од основните принципи кој го оцртува EYLF. Осврнувањето вклучува да се запрашаме себеси прашања за тоа што правиме и како го правиме тоа.  Тоа значи:

- да бидете искрени со себеси за она тоа што правите;
- да бидете отворени да ги правите работите на различни начини; и
- да бидете поготвени да промените како се справувате со работите.

Без осврнување наназад имаме обичај да ги правиме нештата на ист начин како што сме ги правеле секогаш.  Рефлективната практика ни помага да знаеме што правиме и зошто го правиме тоа.  Ни помага да направиме разумни одлуки кои се во најдобри интереси за децата и семејствата.

*Како се вклучувате во рефлективна практика во вашето работно место?*

*Како се осигурувате дека има време за разговори со колегите?*

*Како допринесуваат сите во освртот?*



# Размислуваме за...

## Перспективите на Абориџините и на островјаните од Torres Strait

Образованието на раното детство игра важна улога во поддржување на семејствата на Абориџините и островјаните од Torres Strait за да се чувствуваат културно сигурни во средината .

За Абориџините и островјаните од Torres Strait образованието на раното детство е критичен прв чекор до успех во образованието . За децата кои не се Абориџини, образованието на раното детство нуди прилика за да се вклучат во културата и да започнат да го разберат значењето на културата на Абориџините и на островјаните од Torres Strait и перспективите за Австралиското општество како целина.

*Размислете како културните и образовните аспекти на Абориџините и на островјаните од Torres Strait се вклучени во тоа што го правите?*

*Како им помагате на сите деца со кои работите да ја разберат и почитуваат културата и начините на вршење на работите на Абориџините и на островјаните од Torres Strait?*

*Ако работите директно со деца Абориџини и островјани од Torres Strait како го креирате чувството на припаѓање и добредојденост за нив, нивните семејства и нивната заедница?*



# Зборуваме за...

## Припаѓање

„Да искусите припаѓање – да знаете каде и со кој припаѓате е составно со човечката егзистенција.“ (*Early Years Learning Framework*, p.7)

*Размислете за некаде каде што чувствувате силно чувство на припадност. Споделете со некој друг што значи да го чувствувате тоа? Што е тоа што ве прави да се чувствувате дека припаѓате?*

*Колку е важно тоа чувство за вас?*

*Како можете да помогнете да го пренесете тоа исто чувство на припаѓање во вашата работа со деца?*



# Зборуваме за...

## Постоење

„Детството е време да се биде, да се бара и да се оформува мислење за светот.“ (*Early Years Learning Framework*, p.7)

EYLF строго го поддржува детското право да се „постои“.  Да се постои е да се има време и место во кое што ќе се загубите себеси во она што правите. Тоа е за да им се дозволи на децата време да бидат себеси отколку секогаш брзајќи ги кон иднината.

*Разговарајте за тоа каде и кога децата имаат можности да „бидат“ во ваш домен. Како ја  урамнотежувате неопходната структура и рутина на вашиот ден со неструктурната природа на „постоењето“?*

*Што можете да направите за да си пружите повеќе време  за „постоење“ во текот на денот?*



# Зборуваме за...

## Станување

Идејата на „станување“ не тера да мислиме на иднината на секое дете. Малите деца го имаат целиот свој живот пред нив. Она што се случува во раните детски години им помага да се оформат во тоа што ќе постанат. Кога го распознаваме и негуваме детскиот потенцијал, го поддржуваме и нивниот иден успех и среќа.

*Разговарајте како станувањето е негувано во вашата средина. Што е тоа што правите, што му помага на секое дете да го развие и реализира својот потенцијал?*

*Како идеите на припаѓање, постоење и станување се вклопуваат заедно?*

*Каква улога игра припаѓањето во  станувањето?*

*Како ја оддржувате секоја детска шанса да се „биде“ додека истовремено  се фокусирате на нивната иднина?*



# Зборуваме за...

## Односи

„Кога децата се чувствуваат безбедно, сигурно и поддржано тие растат со доверба да истражуваат и учат.“ (*Early Years Learning Framework*, p.20)

Безбедни, сигурни и односи на поддршка се од суштинско значење за детското учење.

*Разговарајте со колега за тоа како ги поддржувате односите на децата со кои работите.  Како  “планирате” за тие односи да се случат?*

*Што правите да го охрабрите формирањето на пријателства?*

*Како им помагате на децата да ги развијат социјалните вештини кои им се потребни да бидат дел од група?*



# Зборуваме за...

## Отценување

Отценување е основен алат што ни помага да планираме и да го поддржуваме детското учење.

Преку внимателна и чувствителна проценка ние:

- можеме да собираме информации кои ни се потребни да планираме ефективно;
- сме способни да разговараме со семејства за учењето на нивното дете;
- можеме да видиме како децата напредуваат и да одлучиме како најдобро можеме да го поддржиме нивниот напредок; и
- сме способни да процениме дали она што правиме делува или не.

*Разговарајте како го проценувате развојот и учењето на децата. Која информација ја собирате и како? Што правите да сте сигурни дека отценувањето е позитивен процес? Како ја мерите „разликата на патувањето“ на секое дете? Како е поврзан начинот на кој го отценувате детското учење со резултатите од учењето на EYLF?*



# Зборуваме за...

## Очекувани резултати од учењето

Работење со резултатите од учењето ни наложува да планираме за тековното детско учење и развој.  Треба да размислиме како ги градиме врските помеѓу детските искуства, за да учењето е обединето со текот на времето.

Идентитет, благосостојба, поврзаност, став кон учењето и ефективна комуникација сите ќе бидат подобрени и развиени преку многу богати искуства со текот на времето.

*Дискутирајте како планирате за учењето со текот на времето.*

*Дали правите долгорочно, како и краткорочно планирање? Како е поврзано она што правите недела за недела и месец за месец? Како планирате за учењето на децата во поврзаност со резултатите? Како проценувате дека се постигнати резултати?*



Inspired by our Garden
CLAY

# Зборуваме за...

## Документација

Документација е запис кој што го чуваме од учењето на децата. Со тоа што запишуваме што прават децата можеме подобро да отцениме, евалуираме и планираме за идното школување. Информациите кои ги запишуваме во нашата документација треба да ни помогнат во нашето планирање за тоа што треба да сториме следно. Документација која е јасна и лесна да се разбере е исто така важен начин да се споделат информации со семејствата и другите околу детскиот развој.

Документацијата може да вклучи набљудувања и анализи од учењето на децата, фотографии или примероци од нивната работа, и било кои други записи кои помагаат да го дофатат индивидуалниот развој на детето.

*Како вие тековно документирате за учењето на детето? Како се осигурувате дека информацијата која ја запишувате е важна и значајна? Како тоа ви помага да пристапите кон учењето на детето и да планирате што да правите следно? Какви можности постојат да дискутирате и делите документација како тим? А со семејствата?*


My Family
Katrine's children

# Зборуваме за...

## Идентитет

Цврсто чувство на идентитет игра важна улога во учењето на децата. Кога децата знаат кои се и имаат самодоверба во себеси, тие можат подобро да учат и градат односи со другите. Меѓутоа идентитетот е сложен. Чувството за идентитет кај секого е различно, и тоа како изгледа идентитетот на различни возрасти, исто така е променливо.

*Разговарајте што значи за вас чувството на идентитет и како тоа изгледа. Како би го набљудувале цврстото чувство на идентитет кај некое дете?*

*Размислете за групите на возраст со кои работите, разговарајте за тоа како би изгледал идентитетот во различни возрасти – кај бебе? кај мало детенце? кај петгодишно дете?*



# Зборуваме за...

## Благосостојба

„Благосостојбата вклучува добро физичко здравје, чувства на среќа, задоволство и успешно социјално функционирање... Силното чувство на благосостојба им овозможува на децата самодоверба и оптимизам кој го зголемува нивниот потенцијал за учење.“  (*Early Years Learning Framework*, p.30)

Благосостојба е да се чувствувате добро за себеси. Тесно е поврзано со чувството на идентитет и со чувствата на самопочит и самовреднување. Исто така вклучува фитнес, здрава исхрана и здравје – сите кои прават голем придонес за тоа како се чувствуваме.

*Како вашата програма го  поттикнува чувството на благосотојба кај децата?*

*Како тим разговарајте како децата учат да се чувствуваат добро за себеси и за нивните способности.*

*Како вашата програма го промовира физичкиот развој  и познавањето на здравиот стил на живеење на секое дете?*



# Зборуваме за...

## Учење преку игра

Преку игра децата:

- оформуваат престава за својот свет;
- ги развиваат и испитуваат своите лични интереси и идеи;
- развиваат љубопитност, креативност и вештини за решавање на проблеми; и
- градат односи, социјални вештини и јазик.

Воспитувачите играат важна улога во поддржувањето на играта и учењето. Детската игра е збогатена кога воспитувачите се директно вклучени. Со тоа што воспитувачите се вклучуваат во игра тие можат да ја поддржат, водат и прошират детската игра и учењето додека таа се одвива.

*Размислете за вашата улога како воспитувач и како се вклучувате самите во детската игра. Разговарајте за значењето на вклученоста на воспитувачот во играта. Кои стратегии работат најдобро за да се зголеми детската игра и охрабри покомплексно размислување и учење? Како учествувате во детската игра и ја водите без да ја превземете? Дали можете со семејствата да ја споделите важноста на играта?*



# Зборуваме за...

## Различност

„Почитување на различноста значи... вреднување и осврнување на практиките, вредностите и верувањата на семејствата.“ (*Early Years Learning Framework*, p.13)

За да се создаде вистинска смисла на припаѓање треба да покажеме почит и разбирање за секое дете, и уникатното потекло на секое семејство, културата и верувањата.

Со прифаќање и вклучување на различноста им помагаме на секое дете и член на семејството да се чувствуваат како дел од нашата услуга. Ние исто така прикажуваме дека различноста е нешто што треба да се вреднува.

*Размислете за децата и семејствата со кои работите. Како ги правите семејствата да се чувствуваат добредојдени и прифатени?*

*Како наоѓаат децата и семејствата нешто од себеси одразено во она што го правите?*

*Како она што правите прикажува почит за различноста кон другите, посебно децата?*


HOLDEN

# Зборуваме за...

## Партнерства со семејствата

„Децата просперираат кога семејствата и воспитувачите работат заедно во партнерство за да го поддржат учењето на малите децата.“ (*Early Years Learning Framework*, p.9)

Партнерствата со семејствата започнуваат со цврсти односи. Да се сподели нешто значајно за денот на детето е моќен начин за да се направи врска. Семејствата веќе ги имаат најдобрите интереси на нивните деца во срцето. Кога тие ќе можат да видат дека и ние исто така ги имаме најдобрите интереси, тоа помага за да се изгради доверба и почит.

*Размислете за тоа како споделувате информации со семејствата. Како тим дискутирајте каков вид на информации овозможувате и колку е значајно тоа.*

*Дали тоа дава претстава во учењето на детето или го пренесува она што беше важно за денот?*

*Дали тоа покажува дека сте заинтересирани и добро информирани за секое дете?*

*Дали тоа се поврзува со семејствата?*